**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмото продолжение на Сто деветтата седница**

**на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 18 јули 2002 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 16,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на точка 25 - Предлог за донесување на закон за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 62, воздржано гласале 7 пратеници и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства. (Аплауз).

Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост, што тие ги користат и располагаат, со Предлог на закон.

Претресот по Предлогот на закон е заклучен.

Бев информиран дека недоразбирањата се одстранети.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, за гласаа 49 пратеници, воздржано гласаа 3 пратеници и против гласаа 7 пратеници.

Бидејќи во салата има знатно повеќе од половината пратеници, констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, за гласаа 45 пратеници, воздржано гласаа 6 пратеници и против гласаа 6 пратеници.

И овој пат има многу повеќе, отколку што е неопходно по Уставот.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, за гласаа 52 пратеници, воздржано гласаа 7 пратеници, против гласаа 9 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат.

Седницата прекина со работа во 17,10 часот.